РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 04-931/21
08.03.2021 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ" бр. 275/2019 и 14/2020), а во врска со објавениот интерен оглас број 01/2021 за унапредување на седум административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат за унапредување**

1. За работното место **Раководител на сектор за стратешко планирање и интегритет, Сектор за стратешко планирање и интегритет** се избира кандидатот Маја Коневска.
2. Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на кандидатот за унапредување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата по добиено известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на ДКСК за тековната фискална 2021 година, со архивски број 18-1592/2 и 18-1593/2 од 18.02.2021 година за унапредување на седум административни службеници, ја започна постапката за унапредување со барање бр.04-931/3 од 26.02.2021 година, во кое беа назначени нивото и описот на работните места кои се предлагаат за пополнување.

За започнувањето на постапката за унапредување и објавувањето на интерниот оглас е доставено известување до Агенцијата за администрација, по што на ден 01.03.2021 година интерниот оглас број 01/2021 за унапредување на седум административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата е објавен на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за селекција за унапредување по интерниот оглас - фаза административна селекција и интервју, со Решение број 04-931/10 од 05.03.2021 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, при спроведувањето на постапката на административна селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање, за што состави Записник од административна селекција за интерен оглас, број 04-931/13 од 08.03.2021 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју.

Врз основа на бодовите од административната селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас состави Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основа на Финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатот и објава на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**ДРЖАВНАКОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Генерален секретар,**
**д-р Розета Трајан**

Доставенодо:

- Именуваниот административен службеник
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива